31725

Комунист 6 јули 1984

1425, 22.

## Прилепско уметничко лето

# Блиска врска меѓу уметноста и здружениот труд

Години на ред во Прилеп се одржуваат трите манифестации од таканареченото „Прилепско уметничко лето“. На почетокот, некаде, пред дваесетина и повеќе години кога и започнаа овие манифестации на кои досега зедоа учество повеќе стотини уметници од целиот свет, никој не веруваше дека манифестациите ќе си најдат и свои покровители. Имено, симпозиумот „Мермер“, кој годинава се одржува по 22 пат, дел од потребните финансиски средства, а што е значајно суровината, односно мермерот од кој скулпторите ги изработуваат своите дела со инспирација и влијание и на Прилеп и неговото богато поднебје, и му ги оставаат на градот домаќин, го обезбедува Мермерниот комбинат.

Уметниците години на ред се гости на Комбинатот, го посетуваат рудникот од каде што се експлоатира мермерот, се договараат со вработените во Комбинатот каков и колкав блок им е потребен а често дел од грубите работи на делото ги вршат работниците на оваа ООЗТ. Врската продолжува и понатаму бидејќи уметниците, по враќањето во својата земја, често за своите нови дела, порачуваат мермер од прилепскиот Мермерен комбинат. На одреден начин, низ овој вид соработка и поврзаност, може да се каже дека се врши и реклама на производите на овој Комбинат.

Ваква поврзаност би рекле меѓу ОЗТ и уметноста во Прилеп, постои и меѓу Дрвно-индустрискиот комбинат „Црн бор“ и Интернационалното студио за пластика во дрво. Годинава ова Студио се одржува по 14-пат и на него досега имаат учествувано скулптори од сите континенти кои му оставаат на Градот по едно свое дело. Повеќе скулптури ги красат продажните салони и павилјони, особено на саемите на кои учествува со свои производи и ДИК „Црн бор“.

Првите сликари, учесници на Сликарската колонија, која е една од најстарите, не само во земјата туку и пошироко, и која се одржува по 27-ми пат, пристигнаа во Прилеп. И овојпат на чардаците сместени во конаците на манистирот „Михаил Арахангел“ тие ќе творат инспирирани од Марковите Кули и нивната околина. За годинава својата посета на Прилеп ја имаат најавено околу 30 сликари од Чехословачка, Колумбија, Италија, САД, Југославија и други земји.

Судејќи според бројот на пријавените учесници на годинашново „Уметничко лето“ се чини дека годинава тоа ќе биде најбогато и со уметници и по содржини. На уметниците им се обезбедени сите потребни услови, дваесетина дена, колку што остануваат во Прилеп, да можат да творат, а што е мошне значајно да направат и понесат скици за дела инспирирани од прилепското поднебје, кои потоа ќе ги работат во своите земји.

К. Ристески